РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр. - Nr. 04-191/9
20.03.2025 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и ,,Сл.весник на РСМ,, бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе

О Д Л У К А
За избор на кандидат по јавен оглас бр. 38/2025 за вработување
на административен службеник

1. За извршtел на работното место број 01 УПР0101В03000 **Соработник за урбанистички планови и уредување на градежно земјиште** во Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој, се избира кандидатот со идентифукациски код 09Е71В6 **Игор Филипоски**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 04.02.2025 год., Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. 38/2025 во дневните весници ,,Нова Македонија" ,,Слободен печат" и ,,Коха", за вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време на работно место Соработник за урбанистички планови и уредување на градежно земјиште во Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и Локален економски развој.

Со решение бр.10-324/3 од 10.02.2025 година, од страна на Агенција за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник согласно Законот за административни службеници.

По спроведената постапка Комисијата изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник, бр.10-324/4 од 19.02.2025 год., Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр.10-324/5 од 17.03.2025 год., како и Записник од спроведена проверка за веродостојност на доказите и интервју за административен службеник, бр.10-324/6 од 18.03.2025 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција изготвена е конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување по јавен оглас бр.38/2025 и истите се доставени до Градоначалникот на Општина Јегуновце.

Согласно предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.38/2025, бр.10-324/7 од 18.03.2025 год., Градоначалникот на Општина Јегуновце донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ • KOMUNA E JEGUNOVCIT
ЈЕГУНОВЦЕ
JEGUNOVC